Николина КЕНИГ-БОГДАНОВСКА

# СВЕТСКИОТ ПОРЕДОК И МИР ОД ФЕМИНИСТИЧКА ПЕРСПЕКТИВА

## ПОЛОВИТЕ РАЗЛИКИ И НАУЧНАТА ОБЈЕКТИВНОСТ

Иако интересот за изнаоѓање формула за организација на општеството која ќе обезбеди траен мир и благосостојба за сите постои веројатно откога човештвото се соочило со проблемите поврзани со војните и насилството, денес тој е од особено значење за современата меѓународна заедница која, потресувана од крвави судири, дискриминација, економска депривација на огромен дел од светското население и опасност од еколошка катастрофа, се судира со прашањето на својот опстанок.

Науката за меѓународниот поредок и мир ги третира овие прашања од мултидисциплинарен аспект, но ретко кога ја зема предвид потребата за интерпретација на реалноста и низ призмата на поделеноста на светот на два пола - машки и женски.

Потребата за објективност од аспект на полот се наметнува од две причини. Едната е дека реалната положба на жените во општествената структура битно се разликува од положбата на мажите. Другата е фактот дека двата пола се социјализираат според различни модели, поминуваат низ различно животно искуство во социјалната заедница заради припадноста на својот пол, и консеквентно на тоа имаат различни перспективи, погледи за општествената реалност. За жал, постојат мноштво докази за тоа дека во општествените науки дури и истражувањата кои изгледаат полово неутрални се пристрасни и го занемаруваат искуството на жените[1].

Овој текст претставува обид да се илустрира придонесот на најсеопфатните феминистички концепции[2] чија релевантност за анализата на поредокот и односите во меѓународната заедница, како и за изнаоѓањето решенија за негово преструктурирање во систем кој ќе овозможи траен мир и благосостојба го заслужува вниманието на сите кои се занимаваат со таа проблематика.

1 Според евиденцијата на феминистичките истражувач(к)и, овој заклучок важи за филозофијата, психологијата, правните науки, економијата, политичките науки, историјата, педагогијата, па дури и природните науки (Langland and Grove, 1981; Spender(ed) 1981; Spender, 1982, во Brock-Utne, 1989). Детална анализа на половата пристрасност во психологијата дава и Sherif, C. во „Bias in Psychology". *Feminism and Psychology*, 1/8:58-76

2 Иако е речиси невозможно да се направи исцрпна поделба на сите феминистички мислител(к)и во категории кои меѓусебно наполно ќе се исклучуваат, повеќето учебници наменети за тн. женски студии (feminist studies, women's studies, gender studies) ја користат категоризацијата на Alison Jaggar и Paula Rothenberg од 1984 (според Brock-Utne, 1989) кои ги разликуваат овде наведените пристапи.

## СВЕТСКИОТ ПОРЕДОК И МИР ОД ФЕМИНИСТИЧКА ПЕРСПЕКТИВА

Постојат неколку теориски пристапи на феминистичката мисла кои, поаѓајќи од анализата на положбата на жените во општеството низ историјата и од општата констатација за нивната подреденост во однос на мажите, доаѓаат до различни заклучоци за детерминантите на таа појава и нејзината поврзаност со односите во општеството воопшто.

*Конзервативно-феминистичка перспектива* - пристапот кој ќе биде прикажан како прв, нема историски или каков и да е друг примат над останатите пристапи. Напротив, одлуката да го заземе тоа место во приказов произлезе од мојата потребата за експлицитно дистанцирање на истиот од другите концепции на феминистичката мисла. Речиси со сигурност може да се тврди дека постулатите на конзервативната феминистичка перспектива кои се омилена верзија на феминизмот во кругот на неговите противници, му нанесуваат повеќе штета отколку корист, особено ако се изземат ретките методолошки коректно изведени опсервации за биолошките детерминанти на половиот идентитет. Распространет меѓу психобиолозите и социобиолозите, конзервативниот феминизам потполно ги занемарува културните и срединските фактори во формирањето на личноста и се впушта во детална анализа на хормоните, хромозомите и анатомската структура на двата пола, третирајќи ги како единствен извор на половите разлики. Понатаму, се влечат аналогии од законитостите во животинскиот свет и на жената ѝ се припишува со нагони детерминираната улога на мајка и хранителка како клучен извор на психолошкиот идентитет, а на мажот се гледа како на биолошки програмиран механизам за неселективна фертилизација. За реализацијата на тие две неменливи улоги, жените се предодредени да се грижат за безбедноста, мирот и рационалното користење на ресурсите на околината, склони се кон негување, емпатија и грижа, додека мажите, чиј вроден механизам на делување е агресијата, го усвојуваат војувањето и уништувањето (особено меѓусебното) како најпрофитабилна стратегија за опстанок.[3] Оттука, Холидеј (Holliday, 1978) извлекува заклучок дека мирот во светот може да се реализира само ако на машкиот пород уште од најрана

3 Интересно е дека идентичните појдовни основи како постулати на „двете страни од една иста медалја“ водат кон две спротиставени консеквенци за светскиот поредок. Во рацете на авторите како Фројд, Голдберг и др., физиолошките и анатомските разлики меѓу половите се користат и како средство за докажување на женската инфериорност и подреденост како судбина и неменлива состојба, односно на патријархатот како неминовен општествен продукт на биологијата. (Freud, 1930, Goldberg, 1974). Кога со нив располагаат конзервативните феминистки, тие се евиденција за супериорноста на жените и женскиот шовинизам како единствен одговор на општествената деструкција.

возраст регуларно му се даваат дроги кои ја намалуваат агресивноста. Згора на тоа, бројот на мажи на планетата треба да се ограничи бидејќи за опстанок не е неопходно да бидат застапени со 50% од популацијата, а освен тоа, заради вродената агресивност се потполно неадекватни за заземање на каква и да е позиција во општеството поврзана со донесување на одлуки. Во наредните глави од својата книга таа дава и совети за тоа како да се зачнуваат само женски деца (според Brock-Utne, 1989).

Во основа, конзервативниот феминизам не е ништо друго освен сексизам во кој половите ги менуваат улогите. Понудените идеи за општествени реформи кои ќе го спречат насилството и војните не се проблематични само од етичка гледна точка. Од логиката на размислувањето на овие теоретичар(к)и отсуствува наполно факторот социјализација кој во себе ги вклучува вредностите, нормите и улогите под чие дејство не само што се моделира половиот идентитет туку и се формираат ставови, институции и глобална општествена атмосфера која води кон насилство или ненасилство.

*Либерално-феминистичка перспектива* - наспроти гледиштето на конзервативните феминист(к)и, оние кои поаѓаат од либерално-феминистичкото гледиште, пред сè, се задржуваат на општествените и на психолошките механизми преку кои жените се држат во потчинета состојба во различните општествени системи низ историјата. Симон Де Бовоар пишува:

„Најпосле, општеството не е вид: во него видот се остварува како егзистенција: ...единките не ѝ се препуштени на својата природа, туку и се покоруваат на онаа своја втора природа - навиката, каде што се огледуваат желбите и страхувањата кои го изразуваат онтолошкиот став. Личноста станува свесна за себе и се исполнува не само како тело, туку како тело потчинето на табуи, закони; личноста се валоризира во името на некои вредности. И уште еднаш, физиологијата не би можела да ги утврди вредностите: попрво, податоците што им ги дава на единките.“ (Де Бовоар, 1989: 63)

Биолошките податоци разгледани низ призмата на социјалниот и психолошки контекст се само инструмент за одржување на дискриминацијата. Половите се социјализираат по дијаметрално спротивни модели, при што женските деца се учат на покорност, фриволност, пасивност, неупотреба на сила а се фаворизира изразувањето на емоции, чувството на слабост, немоќ, и манифестирањето на грижа и сочувство кон другите. Наспроти тоа, вредностите кои лежат во основа на социјализацијата на машките деца се агресивноста, победничкиот дух,

физичката и интелектуална надмоќ над „послабиот пол“, а игнорирање и контрола на емоциите. Сè она на што се учат тие, воедно се и вештини и особини кои во системот се ценат како супериорни во споредба со оние кои ги интроектираат нивните врснички (Mead, 1949). Од друга страна, секој обид на жената да ги надмине тесните рамки на сопствената полова социјализација и да се однесува на начин што го руши тој стереотип, директно ја соочува со ризикот да биде етикетирана како ексцентрична или дури и отфрлена. Згора на тоа, како што забележува Џон Стјуарт Мил во делото „*За потчинетоста на жените*“ (кое подоцна ќе стане еден вид манифест на либералниот феминизам), мажите не само што ги принудуваат жените да им бидат робови, туку низ образованието и воспитувањето ги формираат така како што тоа ним им се допаѓа (според Brock-Utne, 1989). Митот на вечното женско, низ аголот на либералниот феминизам, се одржува и преку рационализацијата за неопходноста на комплементарност во улогите, што е параван за легитимизација на доминацијата на едниот пол врз другиот.

Бидејќи дискриминацијата ја гледаат пред сè во нееднаквите права, алтернативата на патријархалното општество овие теоретичар(к)и ја наоѓаат во остварување на еднаквоста меѓу половите. Еднаквоста за нив значи еднакви права, рамноправност пред законот, односно еднакви можности за успех. Така, либералниот феминизам за рамноправност го дефинира правото на жените на учество во политиката и одлучувањето, и аналогно на тоа, да служат војска и да војуваат.

Од аспект на посовремените феминистички пристапи (особено радикалниот феминизам) ова е клучниот недостаток на изнесеното гледиште. Навистина, иако партиципацијата на жените во политичкиот и јавниот живот како и нивната легална, идеолошка и економска еднаквост со мажите претставува чекор напред во хуманизација на општеството и е можеби неопходен прв чекор, таа сепак не го решава проблемот на структурното насилство и војните. Проблематично е да се претпостави дека системот кој генерира насилство и војни ќе обезбеди траен мир или суштински ќе се промени во која и да е останата сфера само со тоа што двата пола ќе бидат рамноправни пред законот. Либералниот феминизам пропушта да ги доведе во прашање базичните вредности на општеството во кое насилството, војната, производството на оружје и игнорантскиот однос кон средината се легитимни стратегии за успех. Во такво општество, при услови на еднакви права, жените би имале дел од колачот, и тоа можеби би придонесло да се чувствуваат подобро отколку кога пристапот до него им е забранет. Но, прашањето без кое понатамошните напори за изнаоѓање алтер-

нативи за живеење во траен мир би биле залудни не е кој колкав дел од колачот има туку од кои состојки е направен.

*Марксистичко-феминистичка перспектива* - идеите на марксистичко-феминистичките мислител(к)и, произлегуваат од учењата на Маркс и Енгелс за економската експлоатација заснована врз приватната сопственост на средствата за производство и класната дискриминација како услов за потчинетоста на жените. Ставајќи главен акцент на економскиот фактор, тие ја воведуваат корисната дистинкција меѓу *продукцијата* за која, главно, се задолжени и платени мажите, и *репродукцијата* (раѓање, чување деца и грижа за домаќинството) за која исклучиво се надлежни и неплатени жените. Половата дискриминација според нив всушност е само форма на класна дискриминација која е првичен и фундаментален општествен однос. Оној момент кога со укинувањето на капиталистичкото општество во целиот свет ќе се укине и класната спротиставеност, проблемот на половата нееднаквост сам од себе ќе исчезне заедно со сите други опшетствени зла: дискриминацијата од кој и да е вид, насилството, војните, отуѓувањето и сл.

Изедначувајќи ја класната дискриминација со половата, марксистичко-феминистичките теоретичар(к)и го занемаруваат фактот дека потчинетоста е релативна категорија и се одвива во рамките на секоја класа на ниво маж - жена. Вистина е дека жените кои ѝ припаѓаат на класата сопственици на средствата за производство не се експлоатирани така како мажите од работничката класа, но во споредба со мажите од класата на која ѝ припаѓаат, тие се во подредена положба.

Постои уште еден проблем со кој се судира марксистичкиот феминизам, а тоа е непријатниот факт дека практиката на оние општества каде што се укина приватната сопственост ги соочи неговите протагонист(к)и со реалност различна од теориските претпоставки. Ниту потчинетоста на жените, ниту структуралното насилство и војните не се укинаа заедно со она што се сметаше за нивна причина. Еден индикатор за тоа е дека во постреволуционерниот период, во сите социјалистичките земји високо-статусните занимања повторно им припаѓаа на мажите, односно секое занимање во кое мнозинството се жени, добиваше второстепено статусно значење. На пример, лекарската професија во поранешниот СССР, за која главно се определуваа жени, автоматски стана професија со понизок општествен стаус и преферабилност, особено ако се спореди со местото што го има истото занимање во хиерархиската структура на професиите во САД, каде што со лекарска практика се занимаваат пред сè мажите (Goldberg, 1974)[4] .

4 Релевантни информации за ова прашање можат да се добијат и од: „The Social Evaluation of Occupations in the Soviet Union“ во Slavic Review (28,4)

*Социјалистичко-феминистичка перспектива* - поаѓајќи од марксистичката дефиниција на социјалната организација како резултат на начинот на економското производство, а отфрлајќи ја идејата дека ослободувањето на жената ќе се одвива автоматски и паралелно со класното ослободување, социјалистичко-феминистичката перспектива дава оригинални решенија за светски поредок без насилство. Кажано со терминологијата на овој пристап, половите класи може да се укинат само тогаш кога жените ќе ја освојат контролата над средствата за репродукција. Во умерената верзија на Мичел (Mitchell, 1966), потчинетоста на жената може да се надмине само тогаш кога семејството ќе се редефинира од институција која ја потчинува жената во нејзин триумф. За тоа е неопходно одговорноста за одгледувањето и грижата околу децата да не биде очекувана првенствено од мајките, туку еднакво да се подели меѓу двата родитела. Вака споделената одговорност не само што ќе ја растовари жената од неплатен и неценет труд, туку, во согласност со психоаналитички обоените толкувања на Рубин (Rubin, 1984, според Brock-Utne), ќе ја намалат потребата за деструкција и вооружување која мажите ја манифестираат како симболична завист и одмазда кон жените поради лишеноста од можноста да раѓаат и да се трансцендираат.

Порадикалната верзија на идејата за преземањето контрола над репродукцијата се состои од потрага по технолошки иновации за вештачка репродукција и елиминација на патријархалните институции во кои се одвива одгледувањето и социјализацијата на децата (Firestone, 1970).

Критиката на социјалистичкиот феминизам упатена од теоретичарите кои на патријархатот гледаат како на единствена можна форма на општествена регулација, се фокусира на занемарувањето на биолошките фактори за сметка на економските и културните. Нивниот главен „аргумент“ за побивање на марксистичката теза за меѓуполовиот антагонизам како израз на економските односи во општеството се состои во докажување на примордијалноста и неменливоста на биолошките разлики кои се во коренот на општествената структура. Голдберг пишува:

„Марксистичкиот обид да се објасни патријархатот и машката доминација преку економските функции кои им служат, е исто толку апсурдно како обидот да се објасни супериорноста на мажите во боксирање со укажување на тоа дека машките боксери можат да заработат поголеми плати и дека тие се социјализирани за да боксираат добро или дека нашата идеологија го асоцира боксирањето со мажите.“ (Goldberg, 1974:170-171).

*Радикално-феминистичка перспектива* - најрелевантните критички забелешки упатени кон марксистичкиот и социјалистичкиот феминизам доаѓаат од протагонист(к)ите на радикално феминистичката перспектива, кои укажуваат на пропустот да се дефинира вредносниот систем на кој се темелат општествените односи пред да се бараат еднакви права и ослободување. Радикалните феминист(к)и не бараат само еднаков дел од колачот, било да се работи за економија, легислатива, идеологија, политичка партиципација или приватни односи. Тие излегуваат на сцена со барањето да се направат коренити (оттука им потекнува и називот) измени на хиерархијата на вредностите кои дефинираат што ќе биде социјално пожелно и прифатливо а што не. За да ја проследиме аналогијата со колачот докрај, тие едноставно бараат да се смени рецептот по кој тој е направен.

Главни пунктови на анализа на радикалниот феминизам се патријархалната општествена стуктура и нејзиниот психолошки одраз во свеста на двата пола (Brock-Utne, 1989). Стратегиите за промена може да се подведат под две категории - првата ги вклучува иницијалните чекори на интеграција на жените во општествениот систем онаков каков што е, а втората, која е многу поважна, ги содржи реформите на социјалните односи и институции. Тие треба да бидат засновани врз вредности кои традиционално се дефинираат како „женски", а кои би требало да доведат до глобален поредок кој гарантира траен мир. Доминантната улога во остварувањето на таквата визија им е доделена на раната социјализација и на формалното образование.

Основен аргумент на радикалниот феминизам дека еднаквоста на мажите и жените пред законот нема да го реши прашањето на структурното насилство е тоа дека учеството на жените во политичкиот, економскиот и јавниот живот сама по себе не може битно да ја измени структурата на општествените односи сѐ додека моќта се дефинира низ призмата на маскулините вредности. И додека сметаат дека за евидентирање на политичката немоќ и исклученоста на жените од можноста за донесување на одлуки дури и во најразвиените демократски земји не е потребен исклучителен напор[5], со особено внимание ги студираат случаите кога жените успеваат да се инкорпорираат во политиката на државата. Анализите покажале дека во тој случај типични се две појави. Едната е на жените да им се доделуваат „меки" функции и ресори како на пример културата, образованието или соци-

5 Информативниот документ подготвен од страна на Управата за човекови права при Советот на Европа, ги дава следниве податоци за вклученоста на жените во власта (владата) во 1997 година: Белгија 12%, Андора 18%, Кипар 0%, Германија 16%, Грција 7%, Италија 21%, Португалија 10%, Швајцарија 14%, Велика Британија 23% итн.

јалната заштита. Другата, која воедно е и многу поопасна, е тоа што жените, за да можат воопшто успешно да функционираат и опстанат на политичката сцена, оној момент кога се инкорпорирани во политиката, го усвојуваат системот на вредности во кој приоритет имаат силата, физичката и економската моќ, насилството, борбата и победата (Brock-Utne, 1989). Од позиции на малцинство во власта тие обично не можат ништо битно да изменат, туку само се конформираат на политичката машинерија која се движи по принципи кои кога-тогаш произведуваат насилство и војни. Тие едноставно функционираат во системот онаков каков што е, му се прилагодуваат заземајќи ставови кои во себе носат традиционално маскулини вредности. Како илустрација, за едно од најголемите достигнувања во политичката кариера на поранешната премиерка на Велика Британија, Маргарет Тачер, се смета војната против Аргентина во 1982 и удвојувањето на воените трупи во Ирак во 1990 година (Tickner, 1992). Не е неопходно да се изнесуваат и други примери за да се укаже на тоа дека мирот и безбедноста не можат да се постигнат само преку легалната рамноправност меѓу мажите и жените за која се залага либералниот феминизам.

Од друга старна, радикалните феминист(к)и остро се спротиставуваат и на постулатот дека матријархатот, кој подразбира доминација на жените над мажите нужно води кон мирољубиви односи во општеството заради инхерентната мирољубивост на жените. Тој рецепт, освен за ненаучен, го третираат и како суштински идентична форма на дискриминација и насилство како и патријархатот.

Во анализите на општествените односи и можностите за нивно преструктурирање кое ќе гарантира безбедност и мир, радикалните феминистки внесуваат неколку новини. Пред сѐ, тоа е идејата за позитивната наспроти негативната дефиниција на мирот. Тој се сфаќа не само како отсуство на вооружен судир туку како структурално ненасилство, што подразбира надминување на економската дискриминација (особено на женската популација), социјална правда и заедничка безбедност и сигурност која ги вклучува и прашањата на заштита на природата и нејзините ресурси. Ваквото сфаќање за мирот обврзува и на сеопфатност на реформите. Затоа, радикалните феминист(к)и не инсистираат само на тоа да се земе предвид најголемата дискриминирана група во светски рамки (жените) во анализата на светскиот поредок и можностите за неговото преструктурирање, туку им даваат значење и на останатите маргинализирани групи (деца, сиромашни, хендикепирани, хомосексуалци итн.). Сметаат дека решавањето на прашањето на дискриминација на жените корелира со решавањето на прашањето на дискриминацијата и насилството воопшто. На пример,

жените поминуваат не само низ искуството на дискриминација на пазарот на трудот, експлоатација преку неплатениот труд за секојдневната работа во домаќинството, нееднаквата плата со мажите за исто работно место, туку заедно со другите социјални аутсајдери се и жртвеното јаре кога владите донесуваат одлуки за буџетски релокации од економските и социјалните програми во воени (Reardon, 1985). Вклучувањето на маргинализираните групи во преструктурирањето на светскиот поредок, односно патријархалниот милитантен систем ја следи и логиката на потребата да се изгради култура на вреднување на *моќта за* наспроти *моќта над* (која ним им е одземена). Затоа, она на што инсистираат радикалните феминистки е редефиниција на концептот *моќ* во социјалните односи. Доколку моќта се дефинира како *моќ за* (женски принцип) или принцип на компетенција наместо *моќ над* (машки принцип) или принцип на доминација, може да се укине системот на репресија и војни. Ова е неопходно, тврди Френч, бидејќи независно од почетните идеи на која и да е група на луѓе која се залага за промени, средството за да ги остварат промените - моќта над оној против кој се борат - неизбежно води кон потчинување, употреба на притисок, сила и дехуманизација на победениот (French, 1981).

Дефиницијата на мирот не е променета само со тоа што ги опфаќа и нефизичките форми на насилство, туку и со укажувањето дека тоа треба да биде отстрането не само од јавниот туку и од приватниот живот. Френч ја популаризира таа опсервација преку познатото мото на радикалните феминистки: *приватниот живот е политика.* Поинаку кажано, сè додека приватниот живот е параван за суптилно насилство кое најчесто се случува зад вратите на домовите, приватноста ќе служи како средство за угнетување на жените.

Што се однесува до еколошките прашања кои ги третираат како неразделна компонента на поимите мир и безбедност, радикално-феминистичките теоретичар(к)и имаат став дека феминините вредности имаат посебна врска со природата со самото тоа што се поврзани со функциите како хранење, нега и раѓање. Тие тврдат дека еколошката деструкција во основа е мизогинија (Reardon, 1985:31). Бидејќи моќта да се создава нов живот суштински е поврзана со грижата за околината, фаворизирањето на феминините вредности значително би го подобрило односот на луѓето кон природата. Ваквите прилично спекулативни концепции за интризичка поврзаност на жените со природата и оттука произлезената грижа за неа бараат далеку пообјективни докази од повикување на физиолошките функции или архетипови за природата како мајка или земјата како женски принцип и извле-

кување на аналогии од нив. Во секој случај, укажувањето на можноста за поодговорен пристап кон околината и во поглед на разумната експлоатација на богатствата и од аспект на давање на приоритет на екологијата пред економијата само во рамките на заедница ослободена од вредностите и институциите на патријархатот (Agrawal, 1992), не може а да не се третира како голема придобивка кон теоретските концепции за мир во светот.

Накусо, она на што во основа инсистираат радикалните феминист(к)и е поставување на општествените односи врз феминини вредности, т.е вредности во духот на кои се социјализираат женските деца. Момчињата кои своето детство го поминале играјќи си со играчки - модели на најсовремено оружје и идентификувајќи се со херои од медиумите чии главни доблести се физичката надмоќ, потчинувањето на другите и победата, тешко ќе се одлучат за борба против вооружувањето и ненасилната алтернатива кога ќе пораснат. Многу е веројатно дека по сличен модел ќе ги социјализираат и своите синови. Убедувањето дека од половата социјализација произлегуваат два различни модела на морално резонирање и однесување, при што едниот е поврзан со агресија, моќ, натпреварување и реципроцитет а другиот со грижа, емпатија и простување е потврдено и со емпириски показатели (Gillian, 1982).

Кои се стратегиите за реформа на општествениот систем и негово етаблирање врз вредности кои ќе го унапредуваат мирот? Главно, радикалните феминистки решението го гледаат во личната трансформација на поединците и социјализација на новите поколенија според модели кои ги фаворизираат феминините вредности. Главна улога во процесот на трансформација му доделуваат на формалното образование. Предлагаат наставни програми кои се засноваат на вредности што обезбедуваат ненасилство а се антипод на мнозинството курикулуми во кои, на пример, светската историја е претставена како низа на настани во кои клучно место имаат мажите и војните кои тие ги воделе, додека улогата на жените, културата, уметноста и науката се маргинализирани[6]. Исто така, училиштето мора да престане да биде место каде момчињата и девојчињата добиваат различен третман поради полот (Dweck, 1982, според Lindsey *et al.* 1985). Педагогојата, пак, треба да се трансформира од директивна во демократска, или со терминологијата на Милер, од отровна во безопасна. Таа дава податоци

6 Од тој аспект, интересни се наодите од анализите на нашите средношколски учебници по историја изнесени во *Образование за развој: Списание за применета детска и адолесцентна психологија*, 1997 (види: Најчевска, М. *Меѓу идеологизацијата и идеализацијата на историјата*, стр. 108-139).

за врската помеѓу репресијата што родителите и образовните институции ја вршат врз децата во обидот да ги направат послушни и прилагодени на социјалните норми и нивната подоцнежна духовна осакатеност, невротичност и спремност да бидат дел од кој и да било репресивен политички систем. Луѓето кои како деца се учени да бидат горди на тоа што се жилави и не плачат, што се бестрашни и сурови, се оние кои во крајна линија ќе останат без внатрешен емоционален свет и ќе го сметаат за света должност исполнувањето на наредбите што ги дава авторитетот, па дури тоа да е и убивање на недолжни луѓе (Miller, 1983). Како заклучок во исцрпната студија за сексизмот и воениот систем, Рердон изјавува:

„Суштинскиот аргумент на оваа книга, дека ниту сексизмот ниту воениот систем нема да бидат надминати независно еден од друг, лежи во претпоставката дека структуралните, дури може да се рече револуционерни промени во јавниот поредок, доколку не се проследени со значителни внатрешни психички промени во човечките суштества, ќе бидат неефикасни како старо вино во нови шишиња.“ (Reardon, 1985: 85)

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Радикално-феминистичката перспектива внесува методолошки и содржински новини во анализата на светскиот поредок кои ја унапредуваат не само теоријата на студиите за светскиот поредок туку и практиката на мировниот активизам. Сепак, би сакала да напоменам дека стратегијата за еволутивна промена на патријархалниот систем во поредок кој ќе ја укине дискриминацијата и насилството се судира со еден сериозен парадокс. Можноста за поинаква социјализација во рамките на институции кои функционираат на принципот на патријархални вредности е незначителна. Останува на современите теоретичар(к)и кои решението го бараат во комбинација на социјалистичкиот феминизам и радикалниот феминизам[7] да понудат решенија за надминување и на тој проблем.

7 Во осумдесетите години, како одговор на радикалниот феминизам се јавува група на феминист(к)и кои потекнуваат од маргинализираните расни групи, тн. обоени феминист(к)и. Се спротиставуваат на тезата на радикалниот феминизам дека сексизмот е најфундаменталниот однос на репресија и сметаат дека нему му претходи расната дискриминација.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


1. Agrawal, B. (1992). „The Gender and Environment Debate: Lessons from India“. *Feminist Studies*, 18: 237-257.
2. Brock-Utne, B. (1989). *Feminist Perspectives on Peace and Peace Education*. New York: Pergamon Press.
3. Де Бовоар, С. (1989). Вториот Пол. Скопје: Наша книга.
4. Firestone, S. (1970). *The Dialectic of Sex*. New York: William Morrow.
5. French, M. (1981). *The Bleeding Heart*. New York: Random House.
6. Freud, S. (1930). *Civilization and Its Discontents*. London: Hogarth Press.
7. Gilligan, C. (1982). *In a Different Voice: Psychological theory and women's development*. Cambridge, MA: Hardvard University Press.
8. Goldberg, S. (1974). *The Inevitability of Patriarchy*. New York: William Morrow.
9. Jeleff, S (1995). *The Gender Perspective*. Netherlands: Council of Europe Publishing.
10. Lindsey, G., Aronson, E. eds. (1985). *The Handbook of Social Psychology*. New York: Random House.
11. Mead, M. (1949). *Male and female*. New York: William Morrow.
12. Miller, A. (1983). *For Your Own Good: Hidden Cruelty in Child Rearing and the Roots of Violence*. New York: Farrar, Straus, Giroux.
13. Mitchell, J. (1966). „Women: The Longest Revolution“. *New Left Review*, 40: 11-37
14. Мурџева-Шкариќ, О. (1997). *Женска визија: приоритети, проекти и стратегии*. Скопје: СОЖМ
15. Најчевска, М. (1996). Меѓу идеологизацијата и идеализацијата на историјата. *Образование за Развој: Списание за применета детска и адолесцентна психологија*. (1: 108-139).
16. Reardon, B. (1985). *Sexism and War System*. New York: Teachers College, Columbia University.
17. Sherif, C. (1998). „Bias in Psychology“. *Feminism and Psychology*, 8-1:58-76.
18. Tickner, A. (1992) “Toward a Nongendered Perspective on Global Security” Gender in International Relations. New York: Columbia University Press, 1: 542-552
19. —(1997). *Women in Politics in the Council of Europe Member States: Information Document*. Strasbourg: The Directorate of Human Rights.

## SUMMARY

Nikolina KENIG-BOGDANOVSKA

**PEACE AND WORLD ORDER FROM FEMINIST PERSPECTIVE**

This text discusses the gender bias in social sciences, particularly in the field of world order and peace studies. The author outlines five feminist frameworks with different approaches to the issue of women oppression, social order and peace: conservative, liberal, marxist, socialist and radical feminism. The main ideas of these feminist worldviews are presented through their contributions and weak points. Special emphasis is given to the radical feminist perspective, which is considered to be the most comprehensive analysis of the world order. According to this framework, the war system is seen as an inevitable product of the patriarchy which oppresses women and other margined groups on the basis of dominance of the masculine values. Changes towards peaceful society can be made only if these masculine values are replaced with feminine, especially by means of peace education.